# ЗАПИСНИК

Од одржаната 49-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 08.07.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од 9 советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Анета Киселоска – раководител и Николина Лозановска - советник.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 48-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни стари – деловни простории;
3. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2023/24 година;
4. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2024/25 година;
5. Разгледување на Барање за трајно отстапување на столици од Здружение на пензионери - Битола, огранок на пензионери Општина Новаци;
6. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Лена Апостолова од с. Рибарци, лице со здравствени проблеми;
2. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Лепа Димовска од с. Новаци, лице со здравствени проблеми;
3. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Томе Ѓорѓиевски од с. Гнеотино, лице со посебни потреби;
4. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Драгица Тодорческа од с. Добромири, лице со здравствени проблеми.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 49-та седница на Советот на Општина Новаци, кој е составен од 10 (десет) точки, со тоа што точката бр. 6 - Советнички прашања, преминува во точка бр.10.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 48-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 48-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и донесување на Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни стари – деловни простории.

По однос на втората точка, Советот беше информиран дека е потребно да се започне постапка за давање под закуп на две деловни простории во објаектот на МКЦ-Новаци, кое ќе се реализира по пат на електронско јавно наддавање.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни стари – деловни простории.

**3 точка** Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Славко Лумбарковски" – Новаци за учебната 2023/24 година;

Советот на Општина Новаци го разгледа Годишниот извештај за работата на училиштето кој опфаќа: подготовки за работа на училиштето; резултати од реализацијата на воспитно-образовната дејност предвидена со Годишната програма за работа на училиштето, прилози – табеларни прегледи за успехот, поведението на училиштето, преглед по предмети и пол и преглед на описното оценување

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски" - Новаци за 2023/2024 година.

**4 точка** Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Славко Лумбарковски" – Новаци за учебната 2024/25 година;

Советниците ја разгледаа Годишна програма за работа и по кратката дискусија со **9 гласа за** донесоа Одлука за донесување на Годишна програма за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски" Новаци, за 2024/2025 година.

**5 точка** Разгледување на Барање за трајно отстапување на столици од Здружение на пензионери - Битола, огранок на пензионери Општина Новаци;

Здружение на пензионери - Битола, огранок на пензионери Општина Новаци, достави Барање до Советот на Општина Новаци за трајно отстапување на 30 столици кои се во сопственост на Општина Новаци, а кои се составен дел од инвентарот во Клубот на пензионери, Новаци.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за отстапување на столици на Здружение на пензионери Битола, огранок на пензионери Општина Новаци.

*Советникот Александар Канзуровски од оправдани причини, ја напушти 49-та седницата на Советот на Општина Новаци.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот ги разгледаа следните точки:

**6 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Лена Апостолова од с. Рибарци, лице со здравствени проблеми;

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Л.А. кое се соочува со здравствени проблеми така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лена Апостолова од с. Рибарци во висина од 10.000 ден.

**7 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Лепа Димовска од с. Новаци, лице со здравствени проблеми;

По однос на седмата точка, Советниците го разгледаа Барањето од Л.Д. како лице со здравствени проблеми така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лепа Димовска од с.Новаци, во висина од 20.000,00 ден.

**8 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Томе Ѓорѓиевски од с. Гнеотино, лице со посебни потреби;

Советниците го разгледаа Барањето од лицето од Т.Ѓ како лице со посебни потреби така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Томе Ѓорѓиевски од с. Гнеотино во износ од 20.000,00 ден.

**9 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Драгица Тодорческа од с. Добромири, лице со здравствени проблеми.

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од Д.Т како лице со здравствени проблеми така што со **8 гласа за** Советот на Општина Новаци донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драгица Тодорческа од с. Добромири

**10 точка** Советнички прашања.

Советникот Иван Котевски постави прашање зошто штотуку посадените садници багреми се откорнети?

По консултација со Градоначалникот Стевановски, Претседателката Најдовска-Стојковска одговори дека садниците биле откорнати од страна на ЕВН која интервенирала на тој терен.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 49-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска